**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

-**д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4788 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Десет изданија на вестите Обсервер на НОВА во 19 часот, емитувани во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година, се примерокот за мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ НОВА.

Вкупното времетраење на анализираните прилози изнесува 5 часа 40 минути и 14 секунди. Од нив, 5 часа 25 минути и 35 секунди се претежно информативни жанрови, пред сè извештаи, изјави и интервјуа, има и репортажа, а претежно аналитичките жанрови ретко се користат – 14 минути и 39 секунди.

*Табела 1 – Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:27:29 | 8,44 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:43:25 | 13,34 % |
| Специјално обвинителство | 00:22:51 | 7,02 % |
| Собрание на РМ | 00:15:28 | 4,75 % |
| Судство | 00:09:40 | 2,97 % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:11 | 2,21 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:25:53 | 7,95 % |
| Граѓански сектор | 00:02:26 | 0,75 % |
| Влада на РМ | 00:49:29 | 15,20 % |
| Други субјекти | 00:28:34 | 8,77 % |
| Без субјекти | 00:10:38 | 3,27 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:36 | 2,03 % |
| Претседател на РМ | 00:02:05 | 0,64 % |
| Јавно обвинителство | 00:09:36 | 2,95 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:07:06 | 2,18 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:03:01 | 0,93 % |
| Независни пратеници/чки | 00:13:48 | 4,24 % |
| Шарена револуција | 00:08:02 | 2,47 % |
| Народно движење за Македонија | 00:10:47 | 3,31 % |
| ГДОМ | 00:02:08 | 0,66 % |
| Локална самоуправа | 00:02:36 | 0,80 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:02:38 | 0,81 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:08 | 0,66 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:30 | 0,46 % |
| Привремена комисија | 00:09:22 | 2,88 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:01:08 | 0,35 % |
| | **Вкупно: 05:25:35** | 100 % |

Најголема е застапеноста на прилозите во кои се известува за активности на Владата, кои се однесуваат на редовни настани – меѓународни конференции, собири организирани во Република Македонија, средби, активности на МВР и сл., а има и прилози за активности на власта за промовирање проекти во здравството, образованието, Армијата, културата, градежништвото.

Блиску зад неа е ВМРО ДПМНЕ со нејзините предизборни активности, критики и мерки, и со неколку прилози во кои тие се ставаат во позитивна рамка („Јавна расправа за мерките за развој на спортот" (3 минути и 57 секунди) емитуван на 22 септември; „Новите мерки ќе донесат подобрување на спортот" (3 минути и 23 секунди) од 23 септември; прилогот со следниве три телопи „Груевски со нови мерки за автомобилизмот и животната средина", „Груевски: Субвенции до 5.000 евра, за купување електричен автомобил", „Груевски: -5% даночна стапка, бесплатна патарина и паркинг" (5 минути и 28 секунди) емитуван на 26 септември; „Електрични возила и субвенции за плински уреди" (4 минути и 2 секунди), и освртите - „Со

набавка на 50 електрични автобуси Скопје ќе е лидер во регионот“ (56 секунди) и „Колку ќе заштедите ако возите на плин“ (1 минута и 57 секунди), емитувани на 28 септември).

По неа следуваат прилозите во кои се известува за активности на субјектите вброени во методолошката категорија „*други субјекти*“: НБРМ, адвокати, КФМ, Благоја Петровски (Мото дефиле за подигање на свесноста за ракот на простата), ФФМ, МОК, професори, Сојуз на стопански комори, Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот, Црвен крст, медиуми, сведоци во судски случаи, ААВМУ, Институтот Павел Шатев итн.

Четврта е СДСМ со нејзините предизборни ветувања, критики и обвинувања, на кои понекогаш одговараат општини и министерства.

Веднаш зад неа се амбасадорите, странските политичари и меѓународните организации, а потоа Специјалното јавно обвинителство и Собранието на РМ.

Од другите политички субјекти, најзастапени се независните пратенички, пред се поради интервјуто со Роза Топузовска – Каревска (наведено подолу во извештајот), потоа Народното движење за Македонија (исто така интервју), па ЛДП, СПМ, ДУИ, ДПА и ВМРО НП.

***Табела 2 – Директни обраќања на субјектите***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:10:55 | 9,16 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:20:58 | 17,59 % |
| Специјално обвинителство | 00:05:44 | 4,81 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:47 | 4,01 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:39 | 4,74 % |
| Граѓански сектор | 00:00:39 | 0,55 % |
| Влада на РМ | 00:19:57 | 16,74 % |
| Други субјекти | 00:14:27 | 12,13 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:25 | 2,03 % |
| Без субјекти | 00:01:05 | 0,91 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:13 | 1,02 % |
| Независни пратеници/чки | 00:14:21 | 12,04 % |
| Народно движење за Македонија | 00:06:38 | 5,57 % |
| ГДОМ | 00:00:54 | 0,76 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:17 | 1,92 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:01:12 | 1,01 % |
| Собрание на РМ | 00:00:19 | 0,27 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:14 | 0,20 % |
| Привремена комисија | 00:03:14 | 2,71 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:55 | 0,77 % |
| Локална самоуправа | 00:01:17 | 1,08 % |
| | Вкупно = 01:59:10 | 100 % |

Погледнато од аспект на можноста директно да бидат слушнати од публиката, распоредот на субјектите според времетраењето на директните обраќања е следниов: ВМРО ДПМНЕ, Влада, „*други субјекти*“, независни пратенички, СДСМ, итн.

Во Обсервер во 19 часот, во третиот извештаен период, емитувани се неколку интервјуа. На 22 септември пренесен е дел од разговорот со Александар Даштевски, реализиран во „120 минути со Гоце Михајловски“, кој е проследен со следниве телопи: „Даштевски: Јанева нема капацитет да го води СЈО“, „СЈО

3 месеци немаше активности" и „Никој не врши опструкции на Јанева" (3 минути и 47 секунди). На 23 септември се реализира интервју со независната пратеничка Роза Топузова Каревска и со Јанко Бачев од Народното движење за Македонија „Роза Топузова за Катица Јанева: И од дното постои подолу" (21 минута и 35 секунди). На истиот датум е емитуван и извадок од разговор со Никола Тасев, претседател на Хокеарската федерација на Македонија „Новите мерки ќе донесат подобрување на спортот" (3 минути и 23 секунди). На 24 септември се емитува разговор со Влатко Ѓорчев кој претседаваше со собраниската Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците насловен „Извештајот за СЈО во понеделник пред пратениците" (4 минути). Разговор со организаторот на мото дефиле Благоја Петровски „Мото дефиле за подигање на свесноста за ракот на простата" (3 минути и 16 секунди) е реализиран на 25 септември. „Мерки на ВМРО-ДПМНЕ: Субвенции од 300 евра за вградување на плин" е насловот на интервјуто во вестите од 27 септември, со м-р Методија Томовски од Машинскиот факултет од Скопје (6 минути и 25 секунди).

На 26 септември емитуван е неутрален осврт, на темата „Избори на 11-ти декември?", со дополнителен телоп „ВМРО-ДПМНЕ: Заев бара алиби да ја продолжи кризата", во кое се пренесени соопштението од ВМРО-ДПМНЕ на темата, изјава на портпаролот на СДСМ Петре Шилегов и се наведува дека гаранти на Пржинскиот договор се странските амбасадори, амбасадата на ЕУ и на САД кои беа посредници и на последната лидерска средба.

Прилогот за извештајот на Специјалното јавно обвинителство поднесен пред Советот на јавни обвинители (28 септември, 5 минути и 54 секунди) има повеќе телопи: „Јанева ја напушти седницата на Советот на јавни обвинители", „Совет на обвинители: Јанева е непрофесионална и неука", „Прислушуваните разговори се чуваат во два сефа", „Одложена комисиската расправа за извештајот на СЈО". Во самиот прилог - по жанр извештај, се пренесуваат факти од настанот и се емитува изјавата на обвинителката Катица Јанева. Ставот дека е „непрофесионална и неука" е на обвинителот Зоран Сулејманов, што е наведено во прилогот и што го појаснува и репортерот од теренот. Меѓутоа, овој став на еден од обвинителите, се генерализира како став на целиот Совет и тоа преку телопот „Совет на обвинители: Јанева е непрофесионална и неука", преку најавата за прилогот во која, меѓу другото, се вели: „Обвинителите пак сметаат дека Јанева е крајно непрофесионална, не си ги извршува своите обврски, не сака да одговара на прашањата на кои треба да одговори и не го почитува Советот", како и во комуникацијата меѓу репортерот и водителката на вестите од студиото која го идентификува како став на „дел од обвинителите". Со ова се гради негативен став за СЈО.

На 1 октомври, освртот на ТВ Нова за тоа дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на предлог од Привремената комисија за следење на медиумското претставување, ќе покрене прекршочна постапка против оваа телевизија поради прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик е проследено со телоп „Потсмев на социјалните мрежи за казните на Агенцијата за медиуми" (9 минути и 4 секунди). На тој начин, медиумот негативно ја врамува Агенцијата потпирајќи го своето тврдење за потсмев на социјалните мрежи (наведено освен во деветминутниот телоп, и во најавата и во одјавата за прилогот од студиото) врз Фејсбук статусот на еден од членовите на Привремената комисија.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Мониторингот за третиот десетдневен период започнува со полноќното репризно издание на дебатната емисија *Отворено студио – Аргументи,* на тема „Катица Јанева пред пратениците". Гости се адвокатот Ѕвонко Давидовиќ и Виктор Грозданов од партијата ГРОМ. Емитувани се уште две реprizи, утрото и напладне на 22 септември.

На 22 септември во редовниот термин за премиерно емитување на дебатната емисија *Отворено студио,* на тема „Контроверзно интервју на Катица Јанева" гостуваат Драган Павловиќ Латас – долгогодишен новинар и уредник на Телевизија Сител и Синиша Пекевски – консултант. Редовните реprizи се емитувани следниот ден наутро и напладне.

На 23 септември, вечерта по 20 часот, во новото издание на *Отворено студио – Аргументи,* на тема „Мерките на доверба наспроти спорот со името" гостуваат доцент д-р Иванка Додовска и амбасадорот во пензија Ристо Никовски. Прва реприза е прикажана на преминот од 23 кон 24 септември, а уште две реprizи се емитувани во утринските часови и напладне.

На 24 септември, по 14 часот, е емитуван колаж од акценти од повеќе изданија на дебатната емисија *Отворено студио:* „Помалите партии во големите коалиции" со Љупчо Пренџов – ГРОМ, Љубомир Јосифовски – НСДП; „Грижа за бегалците, безбедност на државите" со Златко Кесковски – професор, Љубинка Брашнарска - УНХЦР, Јасмин Реџепи – Легис; „Катица Јанева пред пратениците" - Виктор Грозданов – ГРОМ, Ѕвонко Давидовиќ - адвокат; „Контроверзно интервју на Катица Јанева" - Драган Павловиќ- Латас – новинар, Синиша Пекевски – консултант; „Мерките на доверба наспроти спорот со името" – доц. д-р Иванка Додовска – професор Ристо Никовски – поранешен амбасадор.

Истиот ден, по 17 часот е емитувано *Отворено студио на албански јазик,* на тема „Интерес на македонските партии за албанските гласачи". Во дебатата учествуваат Кастриот Реџепи – Граѓанско движење БЕСА, Хајредин Каза – потпретседател на ПДП и Веби Беџети – професор и претседател на Советот за стратешки политики во ДПА-ДР.

Навечер по 20 часот е емитувана реприза на *Отворено студио* на тема „Македонска документаристика – успеси и проблеми" во која учествуваат Киријана Николовска, директорка на Македокс Петра Селишкар, уметничка директорка на Македокс, Огнен Антов, продуцент и Стојан Вујичиќ, режисер. Следат уште три реprizи на оваа емисија - на преминот од 24 кон 25 септември и во редовните термини за репризирање, наутро и напладне на 25 септември.

На 25 септември во 14 часот започна со емитување новата дебатна емисија „*Око*", со Горан Петревски и Бојана Димитријевска. Тема на емисијата беше „Хуморот и социјалните медиуми". Гости во студиото беа Борис Дамовски – Контрабанда и Богдан Илиевски – колумнист и познат Фејсбук и Твитер автор. Водителот на почетокот на емисијата забележува дека биле поканети и други гости, но не ја прифатиле поканата за гостување. Во емисијата имаше вклучено и разговори со Бојан Кардалов – специјалист за нови медиуми и Цветин Чилиманов – член на Привремената комисија.

Вечерта, во ново издание на *Отворено студио* на тема „4 мерки за посветла спортска иднина" гостуваат Марјан Спасевски – директор на Агенција за млади и спорт, Филип Поповски – генерален секретар на ФФМ, Сашо Поповски – генерален секретар на МОК и Васко Скендеровски – инвеститор во футсал. Прва реприза е прикажана на преминот од 25 кон 26 септември, а околу пладне на 26 септември е емитувана втората реприза.

На 26 септември во новото издание на *Отворено студио – Аргументи* со Љубиша Николовски, на тема „Тензично пред избори", дебатираат гостите Нијази Мухамеди – политички аналитичар и Тони Науновски – политички аналитичар и професор. Реприза од емисијата е емитувана околу полноќ.

На 28 септември, во редовниот термин за премиерно издание на *Отворено студио,* на тема „(Не)зависно СЈО – (не)легитимно Собрание" гостуваат Солза Грчева – независна пратеничка и Виктор

Цветковски – адвокат и генерален секретар на ГРОМ. Емитувана е редовна реприза на преминот од 28 кон 29 септември и утредента во утринските часови и напладне.

На 29 септември во 20 часот и 30 минути е емитувано премиерното издание на *Отворено студио – Аргументи*. Гости во дебатната емисија се Зоран Бојаровски – новинар и Братислав Димитров – драматург и директор на Театар за деца и младинци. Тема на дебатата е „Време за политика или политички театар". Првата реприза е емитувана околу полноќ, а другите две следниот ден - наутро по 5 часот и напладне.

Вечерта на 30 септември емитувано е издание на *Отворено студио - Аргументи* на тема „'Мали' и 'големи' партии". Во студиото гостуваа Страшо Ангеловски – МААК и Абдулјади Вејсели - претседател на ПДП. Реприви од емисијата се емитувани во редовните термини околу полноќ и утредента на 1 октомври - по 7 часот и напладне.

На 1 октомври, по 14 часот и 30 минути, е емитуван колаж од акценти од повеќе емисии на *Отворено студио*: „Тензично пред избори" – со политичките аналитичари Тони Науновски и Нијази Мухамеди; „Хилари – Трамп 1:0" – Александар Станковски, Љупчо Зиков, Шпетим Љатифи; „(Не)зависно СЈО – (Не)легитимно Собрание" – Солза Грчева, независен пратеник, Виктор Цветковски, ГРОМ; „Време за политика или за политички театар" – Братислав Димитров, драматург и директор на Театар за деца и млади, Зоран Бојаровски, новинар; „'Мали' и 'големи' партии" – Страшо Ангеловски, МААК, Абдулјади Вејсели, ПДП.

*Интервјуа*

На 22 септември во 9 часот и 30 минути во утринската емисија гостува градоначалникот на општина Ѓорче Петров – Сокол Митровски. Тема на разговор е 100-годишнината од постоењето на општина Ѓорче Петров и одбележувањето на овој значаен јубилеј.

На истиот датум во рамките на *120 минути со Гоце Михајловски* кое започнува во 17 часот, емитувано е интервју со Александар Даштевски – политички аналитичар. Даштевски во интервјуто зборува за досегашната работа на СЈО, капацитетот на специјалната обвинителка Катица Јанева и нејзиното интервју дадено за Јавниот сервис.

Во истото издание на емисијата *120 минути со Гоце Михајловски* емитувано е и интервју со аналитичарот Исмет Кочан. Тема на интервјуто беше „БИХ повторно буре-барут на Балканот". Гостинот во студиото ја анализираше актуелната политичката ситуација на Балканот и го даде своето мислење за референдумот што се спроведе во Република Српска.

На 23 септември во утринската емисија *Ново утро на Нова* гостува Стевчо Јакимовски, градоначалник на општина Карпош. Градоначалникот зборува за тековните проекти во општина Карпош, изградбата на нови шеталишта, патеки, фонтани и др.

Истиот ден во 13 часот и 30 минути во рамките на Спортските вести на ТВ Нова, гостува претседателот на Хокеарската федерација на Македонија – Никола Тасев. Тема на разговорот е „Бенефит од новите мерки на Владата за спортот".

Во рамките на емисијата *120 минути со Гоце Михајловски*, на 30 септември, се емитува интервју со Цветин Чилиманов – член на Привремената комисија за следење на медиумското претставување. Тема на разговор со гостинот е „Ад хок телото почна да казнува медиуми".

*Други информативни програми*

На 1 октомври, по 20 часот, емитувана е вонредна програма со вклучување во живо од директното обраќање на претседателот на Република Македонија – Ѓорге Иванов на есенската сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ што се одржа во Музејот на македонската борба.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во периодот 22 септември – 1 октомври 2016 година, на ТВ Нова емитувани се неколку прилози во кои известувањето за редовни активности на државни органи и на државни институции е во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект:

***Обсервер на Нова во 19 часот 22.09.2016***

19.25.59 – 19.27.12 „Тема: Груевски: Над 2.500 лекари заминале на обука во странство"

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски говори за тековна мерка на Владата.

19.35.28 – 19.37.50 Тема: Промовирани 25 преведени книги"

Министерката за култура Елизабета Канчевска Милевска, заедно со претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски ги промовира новите наслови од капиталниот проект на Владата на РМ, во Музејот на Македонската Борба.

***Обсервер на Нова во 19 часот 25.09.2016***

19.14.16 – 19.17.21 „Изградба на спортска сала во ОУ „Св. Кирил и Методиј"

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски говори за активностите на власта во смисла на реализирање на ветувањата и заедно со заменик-министерот за образование Спиро Ристовски го означи почетокот на изградбата на новата спортска сала.

***Обсервер на Нова во 19 часот 29.09.2016***

19.22.15 – 19.27.09 „Груевски: Просечната пензија е зголемена за 70%"

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски информира дека ноемвриската пензија ќе биде зголемена за 5% како исполнување на едно од владините ветувања. Зборува и за тоа дека една од поуспешните мерки е бесплатниот превоз за младите.

***Обсервер на Нова во 19 часот 30.09.2016***

19.31.03 – 19.38.00 „Изградбата на експресниот пат Велес- Штип при крај"

Извештај од увидот во градежните работи при што претставници на централната и локалната власт го известуваат претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски за активностите.

***Обсервер на Нова во 19 часот 01.10.2016***

19.22.53 – 19.26.09 „Се решава станбеното прашање на припадници на АРМ"

Извештај од настанот за промовирање на владиниот проект за изградба на станови за припадниците на АРМ. На настанот присуствува и Никола Груевски – претседател на ВМРО-ДПМНЕ, кој потенцира дека станува збор за исполнето ветување од програмата.

***Сектор за програмски работи***